# Договор за користење на програмата за крајниот корисник

Овој документ е правно обврзувачки договор за користење на софтверот Prima MEDICA помеѓу Вас (правно лице) и компанијата Кодекс Компјутери, ул. “Ристо МИОВ” 17 Кавадарци, ЕДБ:4011998111907. Со овој договор се регулира користењето на софтверот (Prima MEDICA) од Ваша страна на база на временски лиценци, под услови кои се дефинирани во продолжение. Ова е договор за правата на крајниот корисник и не претставува договор за купопродажба.

Внимателно прочитајте го овој договор пред инсталација, преземање или користење на Prima MEDICA. Инсталирање, отварање или употреба на сите или некои компоненти од овој софтвер истовремено значи Ваше прифаќање на сите услови на овој договор, кој произведува еднакво правно дејство како договор потпишан од Ваша страна. Овој договор се применува како на Вас, така и на било кое правно лице на кое ќе биде пренесено правото на користење на Prima MEDICA, во согласност со Кодекс Компјутери. Доколку не се сложувате со условите на овој договор, Ве молиме да не ја користите Prima MEDICA.

ВИЕ СЕ СОГЛАСУВАТЕ ДЕКА ВАШЕТО КОРИСТЕЊЕ НА Prima MEDICA ПОДРАЗБИРА ДЕКА СТЕ ГО ПРОЧИТАЛЕ ОВОЈ ДОГОВОР, ВО ПОТПОЛНОСТ СТЕ ГО РАЗБРАЛЕ И СТЕ ГИ ПРИФАТИЛЕ СИТЕ НАВЕДЕНИ ОБВРСКИ И УСЛОВИ.

## 1. Prima MEDICA

Терминот “Prima MEDICA” во овој договор значи:

(I) Погоре споменатиот софтверски продукт и сите негови додатоци, подобрување и надградување,

(II) Целата содржина, електронска пошта и нејзините прилози, вклучувајќи посебно дигитални слики, видео и аудио записи,

(III) Дополнителни материјали или било која друга документација поврзана со Prima MEDICA.

## 2. ПРАВА НА КРАЈНИОТ КОРИСНИК И КОРИСТЕЊЕ

**(а) Право на инсталацијата и користење на Prima MEDICA**

Имате ексклузивни и непреносливи права да ја користете Prima MEDICA за онолку корисници, за колку имате платено лиценци за Prima MEDICA, под услов тие корисници да не овозможуваат на трети лица по пат на локална или интернет конекција или на друг начин да пристапуваат до Prima MEDICA.

**(б) Право на изработка на заштитни копии**

Во обид за заштита од губење на податоците, имате право на самостојна изработка на заштитна копија на податоците од Prima MEDICA, под услов таа копија да не се користи во други цели.

Напомена: за оваа намена Кодекс Компјутери обезбедува посебна услуга и продукт кои не се предмет на овој договор.

**(ц) Право на имплементација и корисничка поддршка**

Кодекс Компјутери има обврска да Ви овозможи имплементација на Prima MEDICA и корисничка поддршка и да Ве запознае со цените на услуги за имплементација на Prima MEDICA и за корисничката поддршка. Под имплементација на Prima MEDICA се подразбира: иницијален консалтинг околу обезбедување од Ваша страна на технички предуслови потребни за имплементација на Prima MEDICA, инсталација и иницијално подесување на Prima MEDICA, иницијална обука за употреба на Prima MEDICA, доработка и нови верзии на Prima MEDICA согласно планот за унапредување и развој на продуктот од страна на Кодекс Компјутери. Под давање на корисничка поддршка се подразбира: одговор на вашите прашања поврзани со употреба на Prima MEDICA, дополнителна обука за користење на Prima MEDICA, дополнителни подесувања на Prima MEDICA, реинсталација на Prima MEDICA, одржување на базата на податоци на Prima MEDICA, инсталација на нови верзии на Prima MEDICA, доизработка на Prima MEDICA по специфични барања на корисникот и пружање на ИТ услуги од слична природа кои не се наведени овде, а се во врска со користењето на Prima MEDICA.

**(д) Право за правилна функционалност на Prima MEDICA**

Вие имате право на правилна функционалност и работа на Prima MEDICA. Под грешка се подразбира само она функционирање на Prima MEDICA кое е во спротивност со начинот на работа, опишан во Корисничкото упатство на Prima MEDICA или другата достапна документација.

Во случај на постоење на грешка во Prima MEDICA, Кодекс Компјутери е обврзан да ја корегира во наредната редовна верзија односно надградба на софтверот Prima MEDICA, откако ќе биде утврдено дека навистина се работи за грешка.

Кодекс Компјутери е должен пред почетокот на употреба на Prima MEDICA да Ве извести за можностите и функционалностите на истата.

Вие имате право да ја платите лиценцата за Prima MEDICA пред почеток на периодот со работа на Prima MEDICA, на годишно ниво. Доколку се откажете од работа на Prima MEDICA, немате право на поврат на средствата за преостанатиот период од лиценцата за Prima MEDICA.

## 3. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРАВАТА НА КРАЈНИОТ КОРИСНИК

а) Не смеете да ја размножувате, дистрибуирате или менувате Prima MEDICA на било кој начин.

б) Не смеете да ја користите Prima MEDICA на било кој друг начин освен како што е наведено во овој договор.

в) Не смеете да го пренесувате правото на користење на Prima MEDICA на било кое трето лице.

г) Не смеете да ја препродавате, изнајмувате или позајмувате Prima MEDICA на било кое трето лице.

д) Не смеете да вршите обратен инженеринг, да ја декомпајлирате, разложувате или на било кој друг начин да го откривате изворниот код на апликацијата ниту на базата на податоци или да извршите изведена работа на основа на Prima MEDICA. Исто така не смеете да ја отстапувате Prima MEDICA на трети лица со цел да извршат било која од активностите наведени во овој член.

е) Не смеете да ја прикажувате, менувате, повторно да ја изработувате или дистрибуирате било која од датотеките и базата на податоци на Prima MEDICA, ниту смеете да ги регистрирате тие датотеки или да барате било какви права над нив или било кои други реализирани работи со нив.

Ограничувањата под г), д) и е) продолжуваат да важат и по евентуален прекин на овој договор.

## 4. КОРИСТЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ВО СКЛАД СО ВАЖЕЧКИТЕ ЗАКОНИ

Вие се обврзувате дека ќе ја користите Prima MEDICA на начин кој е во согласност со сите важечки закони и подзаконски акти на нашата држава, вклучувајќи, но и не ограничувајќи се на важечките ограничувања во врска со авторските права и другите права на интелектуална основа. Кодекс Компјутери не е одговорен за било какво злонамерно користење на Prima MEDICA од Ваша страна или доколку без согласност на Кодекс Компјутери сте му овозможиле користење или увид во технологијата на Prima MEDICA на трети лица.

## 5. НАДГРАДБА НА Prima MEDICA

Правото на користење на Prima MEDICA дадено на Вас на основ на овој Договор вклучува и надградба на програмата. Надградба на програмата е замена (update) на старите верзии на извршните фајлови и податоци на Prima MEDICA со надоградени верзии кои ја подобруваат, менуваат и дополнуваат Prima MEDICA во било кој нејзин дел. Надградената верзија на Prima MEDICA ги содржи сите законски промени, поправки, измени, подобрувања, нови решенија и исправка на грешки, кои Кодекс Компјутери ги извршил во Prima MEDICA. Користењето на надградените верзии на Prima MEDICA се применува во целост со Вашата лиценца. Надградените верзии на Prima MEDICA смеат да се користат само како составен дел на Prima MEDICA.

Кодекс Компјутери се обврзува дека ќе Ви овозможи надградување на Prima MEDICA под услов да се подмирени сите финансиски обврски поврзани со користење на Prima MEDICA. Кодекс Компјутери ќе ви овозможи надградување на Prima MEDICA по пат на својот интернет сервер или директно преку инсталација на Вашата инфраструктура (сервер, работни станици). Доколку сте пропуштиле да ја надградите Prima MEDICA со некоја претходно надградена верзија, имате право да ги добиете сите претходни надградби до актуелната надградена верзија.

## 6. АВТОРСКО ПРАВО

Prima MEDICA и сите нејзини додатоци, измени и дополнувања се изворно авторско дело на Кодекс Компјутери. Структурата, организацијата и кодот на Prima MEDICA се деловни тајни и доверливи информации на Кодекс Компјутери и секој неовластен пристап до нив претставува повреда на правата на Кодекс Компјутери, согласно Законот за авторски права на РСМ.

## 7. НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ОВОЈ ДОГОВОР

Кодекс Компјутери ги задржува сите права кои се наведени во текстот погоре. Кодекс Компјутери има право да покрене постапка против Вас, доколку прекршите некои од горенаведените права. Секоја употреба на софтверот надвор од означените рамки ќе се смета за повреда на овој Договор. Во такви околности Кодекс Компјутери ќе има право на целосно надополнување на штетата и на загубата на приходите.

## 8. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Овој договор стапува на сила во моментот на инсталацијата на Prima MEDICA и неговата важност се продолжува по автоматизам со секоја обнова на лиценцата за користење и важи до периодот на важност на лиценцата. Во случај на прекин на важноста на овој договор Вие имате право да продолжите да ја користите Prima MEDICA и да имате достап до Вашите податоци преку Prima MEDICA, но со лимитирани функционалности.

За било какви екстракции на податоците во произволен формат, потребно е да се обратите до Кодекс Компјутери.

## 9. ИЗМЕНИ

Кодекс Компјутери го задржува правото еднострано да ги измени сите понуди, услови, цени и други податоци во врска со Prima MEDICA.

## 10. ОСТАНАТИ ОБВРСКИ

Овој договор не предвидува други обврски од страна на Кодекс Компјутери, освен оние кои се посебно нагласени овде.

## 11. ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ

Ниту во еден случај, Кодекс Компјутери нема да биде одговорен за било каква загуба на профит и заработка, трошоци, оштетување на имот, лични повреди, престанување со работење, губење на работни информации (доколку немате платена лиценца за заштита на податоци) или за било кои посебни, непосредни, посредни, случајни, економски или дополнителни штети, пресуда, негрижа или било кои други теории на заговор кои произлегуваат од неправилната употреба или неможноста да се употребува Prima MEDICA поради надворешни причини.

## 12. ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА

Кодекс Компјутери нема обврска да даде техничка поддршка доколку немате платено лиценца  или е истечена постоечката, која постоела помеѓу Вас и Кодекс Компјутери.

## 13. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За целиот договор применливи се законите и позитивните законски одредби кои важат на територијата на Република Северна Македонија. Во случај на спор помеѓу двете страни, надлежен е Основен Суд Кавадарци.